| 421110 Електрична енергија | 0 | 0 | 0 | 0 | 698,454 | 778,330 | 0 | 0 | 0 | 0 | 698,454 | 778,330 |
| 421120 Водовод и канализација | 0 | 0 | 0 | 0 | 80,000 | 86,815 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80,000 | 86,815 |
| 421130 Ѓубретарина | 0 | 0 | 0 | 0 | 180,000 | 155,988 | 0 | 0 | 0 | 0 | 180,000 | 155,988 |
| 421220 Дрва | 0 | 0 | 0 | 0 | 360,000 | 414,735 | 0 | 0 | 0 | 0 | 360,000 | 414,735 |
| 421240 Течни горива | 0 | 0 | 0 | 0 | 720,000 | 800,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 720,000 | 800,000 |
| 421290 Други материјали за греење | 0 | 0 | 0 | 0 | 150,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150,000 | 0 |
| 421310 Пошта | 0 | 0 | 0 | 0 | 15,000 | 13,076 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15,000 | 13,076 |
| 421320 Телефон и телефакс | 0 | 0 | 0 | 0 | 180,000 | 179,081 | 0 | 0 | 0 | 0 | 180,000 | 179,081 |
| 421410 Горива и масла (моторни возила) | 0 | 0 | 0 | 0 | 35,000 | 31,329 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35,000 | 31,329 |
| 421440 Транспорт на луѓе | 0 | 0 | 0 | 0 | 700,000 | 659,100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700,000 | 659,100 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 0 | 0 | 305,000 | 280,041 | 0 | 0 | 0 | 0 | 305,000 | 280,041 |
| 423110 Канцелариски материјали | 0 | 0 | 0 | 0 | 48,000 | 15,225 | 0 | 0 | 0 | 0 | 48,000 | 15,225 |
| 423120 Списанија, весници и други изданија за користење од | 0 | 0 | 0 | 0 | 13,000 | 12,600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13,000 | 12,600 |
| 423210 Материјали за АОП | 0 | 0 | 0 | 0 | 24,000 | 2,820 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24,000 | 2,820 |
| 423610 Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 0 | 0 | 30,000 | 28,920 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30,000 | 28,920 |
| 423620 Училишни материјали | 0 | 0 | 0 | 0 | 30,000 | 19,020 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30,000 | 19,020 |
| 423710 Средства за одржување на хигиена | 0 | 0 | 0 | 0 | 120,000 | 167,839 | 0 | 0 | 0 | 0 | 120,000 | 167,839 |
| 423720 Материјали за разни поправки | 0 | 0 | 0 | 0 | 30,000 | 29,467 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30,000 | 29,467 |
| 423990 Други материјали | 0 | 0 | 0 | 0 | 10,000 | 4,150 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10,000 | 4,150 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 0 | 0 | 0 | 0 | 371,000 | 360,581 | 0 | 0 | 0 | 0 | 371,000 | 360,581 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Потставка

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка — План | Буџетска сметка — Реализ. | Самофинансирачка сметка — План | Самофинансирачка сметка — Реализ. | Сметка на дотации — План | Сметка на дотации — Реализ. | Сметка на донации — План | Сметка на донации — Реализ. | Сметка на кредити — План | Сметка на кредити — Реализ. | ВКУПНО — Буџет | ВКУПНО — Реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **150,190,722** | **106,465,458** | **0** | **0** | **54,812,785** | **54,470,297** | **400,000** | **347,316** | **0** | **0** | **205,403,507** | **161,283,071** |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 0 | 0 | 0 | 304,000 | 279,126 | 0 | 0 | 0 | 0 | 304,000 | 279,126 |
| 424230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 0 | 0 | 0 | 0 | 12,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12,000 | 0 |
| 424420 Поправки и одржување на софтверска и хардверска с | 0 | 0 | 0 | 0 | 55,000 | 81,455 | 0 | 0 | 0 | 0 | 55,000 | 81,455 |
| 425 Договорни услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 4,607,331 | 4,607,331 | 400,000 | 347,316 | 0 | 0 | 5,007,331 | 4,954,647 |
| 425250 Осигурување на недвижности и права | 0 | 0 | 0 | 0 | 25,000 | 22,675 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25,000 | 22,675 |
| 425310 Правни услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 16,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16,000 | 0 |
| 425420 Примарна здравствена заштита | 0 | 0 | 0 | 0 | 28,000 | 9,636 | 0 | 0 | 0 | 0 | 28,000 | 9,636 |
| 425750 Услуги за вонучилишни образовни активности | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400,000 | 347,316 | 0 | 0 | 400,000 | 347,316 |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 0 | 0 | 4,378,331 | 4,449,653 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4,378,331 | 4,449,653 |
| 425790 Други образовни услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 35,000 | 17,328 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35,000 | 17,328 |
| 425920 Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 0 | 0 | 15,000 | 600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15,000 | 600 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 110,000 | 107,439 | 0 | 0 | 0 | 0 | 110,000 | 107,439 |
| 426 Други тековни расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 217,000 | 216,718 | 0 | 0 | 0 | 0 | 217,000 | 216,718 |
| 426210 Расходи за репрезентација | 0 | 0 | 0 | 0 | 30,000 | 17,050 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30,000 | 17,050 |
| 426410 Објавување на огласи | 0 | 0 | 0 | 0 | 115,000 | 107,671 | 0 | 0 | 0 | 0 | 115,000 | 107,671 |
| 426990 Други оперативни расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 72,000 | 91,997 | 0 | 0 | 0 | 0 | 72,000 | 91,997 |
| 427 Привремени вработувања | 0 | 0 | 0 | 0 | 902,431 | 902,431 | 0 | 0 | 0 | 0 | 902,431 | 902,431 |
| 427110 Привремени вработувања | 0 | 0 | 0 | 0 | 902,431 | 902,431 | 0 | 0 | 0 | 0 | 902,431 | 902,431 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **350,000** | **350,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **350,000** | **350,000** |
| 464 Разни трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 | 350,000 | 350,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350,000 | 350,000 |
| 464990 Други трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 | 350,000 | 350,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350,000 | 350,000 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **301,675** | **301,675** | **0** | **0** | **0** | **0** | **301,675** | **301,675** |
| 480 Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 0 | 0 | 40,000 | 40,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40,000 | 40,000 |
| 480140 Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 0 | 0 | 0 | 40,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40,000 | 0 |
| 480190 Купување на друга опрема | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40,000 |
| 482 Други градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 261,675 | 261,675 | 0 | 0 | 0 | 0 | 261,675 | 261,675 |
| 482930 Реконструкција на други објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 261,675 | 261,675 | 0 | 0 | 0 | 0 | 261,675 | 261,675 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Потставка

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | | **150,190,722** | **106,465,458** | **0** | **0** | **54,812,785** | **54,470,297** | **400,000** | **347,316** | **0** | **0** | **205,403,507** | **161,283,071** |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 | 0 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **100,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100,000** | **0** |
| 425 | Договорни услуги | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 | 0 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 | 0 |

**Член 3**

Завршната сметка на Буџетот на Општина Дебрца за 2025 година влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општината„.

Бр. 08-318/5

13.03.2026 год.

**Претседател на совет**
**на Општина Дебрца**
**Иван Стрезоски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 13.03.2026 година.

**Број 09-400/4**
**23.03.2026 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 17-а став 2 од Законот за Јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците з пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на РСМ“ бр. 213/2024) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца“, број 3/2005), а по предлог на Градоначалникот, Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, донесе :

## О Д Л У К А
**За распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта**

**Член 1**

Советот на општина Дебрца распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта.

**Член 2**

Јавниотповик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на Јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од Јавниот повик.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа Одлука.

**Член 3**

Постапката за избор на членови во Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Дебрца.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Дебрца“.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 08-318/6** — **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**

**13.03.2026 година** — **Иван Стрезоски с.р.**

**с.Белчишта**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 17-а став 2 од Законот за Јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците з пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на РСМ“ бр. 213/2024) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца“, број 3/2005), а по предлог на Градоначалникот, Советот на општината Дебрца, објавува :

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта**

1. **Предмет на Јавниот повик**

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на членови на Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта.

Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен и надзорен одбор на Јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на РСМ“ број 213/2024)

2. **Право на учество**

Право на учество имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Дебрца www.debrca.gov.mk и на веб страната на ЈПКД „Дебрца“.

3. **Услови кои треба да се исполнат согласно Законот за Јавни претпријатија**

За члено на Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта може да биде лице кое ги исполнува следните услови :

- е државјанин на Република Северна Македонија ;
- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование ;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност, должност.

Членовите на Управниот одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта, треба да имаат најмалку 5 години работно искуство, и тоа :

- најмалку еден член на Управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и
- најмалку еден член на Управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

4. **Начин на пријавување на Јавниот повик**

Со пријавата заинтересираните кандидати задолжително треба да ја достават следната документација :

- Образец за пријавување ;
- Кратка биографија ;
- Уверение за државјанство ;
- Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование ;
- Доказ дека во моментот на именување со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност ;
- Доказ дека има најмалку пет години работно искуство од Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на РСМ ;
- Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

Документите треба да бидат поднесени во оригинал или копија заверена на нотар и истите се доставуваат до архивата на општина Дебрца с.Белчишта, со назнака : За Јавен повик за пројавување интерес на кандидати за избор на членови на Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта.

5. **Рок на пријавување**

Јавниот повик се објавува на ден 16.03.2026 година и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до 20.03.2026 година.

Непополнетата пријава како и некомплетна докуентација и документација доставена по истекот на рокот за аплицирање нема да биде разгледувана.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 08-318/7** — **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**

**13.03.2026 година** — **Иван Стрезоски с.р.**

**с.Белчишта**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решението за формирање на Комисија за селекција на членови во Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Решението за формирање на Комисија за селекција на членови во Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 13.03.2026 година.

**Број 09-400/5**
**23.03.2026 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр.75/19, 89/22, 274/22 208/24, 193/25), а по предлог на Градоначалникот на Општина Дебрца, Советот на Општина Дебрца на седницата одржана на 13.02.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВЕН ОДБОР НА ЈПКД „ДЕБРЦА“ С.БЕЛЧИШТА**

**Член 1**

Советот на Општина Дебрца формира Комисија за селекција за избор на членови на Управен одбор на Јавно претпријатие за комунална дејност „Дебрца“ с.Белчишта.

**Член 2**

За претседател и заменик претседател на Комисијата за селекција од редот на вработени во општината се именуваат :

- Светлана Костоска Донески -претседател
- Игор Мартиноски – заменик претседател

**Член 3**

За член и заменик член на Комисијата за селекција вработени во организационата единица за управување со човечки ресурси во општината се именуваат :

- Даниел Паункоски – член ;
- Даниел Ристески - заменик член

**Член 4**

За член и заменик член на Комисијата за селекција, вработени во Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца“–с.Белчишта се именуваат:

- Јасмина Мицкоска – член
- Јасмина Алексиеска – заменик член

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Дебрца“

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 08-318/8** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**13.03.2026 година** **Иван Стрезоски с.р.**

**с.Белчишта**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 13.03.2026 година.

**Број 09-400/6**
**23.03.2026 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 26 и 26-а од Законот за Јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците з пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на РСМ“ бр. 213/2024) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца“, број 3/2005), а по предлог на Градоначалникот, Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, донесе :

## О Д Л У К А
**За распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта**

**Член 1**

Советот на општина Дебрца распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на Јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од Јавниот повик.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа Одлука.

**Член 3**

Постапката за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Дебрца.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Дебрца“.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 08-318/9** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**

**13.03.2026 година** **Иван Стрезоски с.р.**

**с.Белчишта**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 26 и 26-а од Законот за Јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците з пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на РСМ“ бр. 213/2024) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца“, број 3/2005), а по предлог на Градоначалникот, Советот на општината Дебрца, објавува :

**ЈАВЕН ПОВИК**
**За пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта**

1. **Предмет на Јавниот повик**

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта.

Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен и надзорен одбор на Јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на РСМ“ број 213/2024)

2. **Право на учество**

Право на учество имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Дебрца www.debrca.gov.mk и на веб страната на ЈПКД „Дебрца“.

3. **Услови кои треба да се исполнат согласно Законот за Јавни претпријатија**

За член на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта може да биде лице кое ги исполнува следните услови :

- е државјанин на Република Северна Македонија ;
- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на парвните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие ;

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност, должност.

Членовите на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта, треба да имаат најмалку 5 години работно искуство, и тоа :

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство;
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и ;
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

**4. Начин на пријавување на Јавниот повик**

Со пријавата заинтересираните кандидати задолжително треба да ја доставaт следната документација :

- Образец за пријавување ;
- Кратка биографија ;
- Уверение за државјанство ;
- Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование ;
- Доказ дека во моментот на именување со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност ;
- Доказ дека има најмалку пет години работно искуство од Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на РСМ ;
- Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

Документите треба да бидат поднесени во оригинал или копија заверена на нотар и истите се доставуваат до архивата на општина Дебрца с.Белчишта, со назнака : За Јавен повик за пројавување интерес на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта.

**5. Рок на пријавување**

Јавниот повик се објавува на ден 16.03.2026 година и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до 20.03.2026 година.

Непополнетата пријава како и некомплетна докуентација и документација доставена по истекот на рокот за аплицирање нема да биде разгледувана.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 08-318/10** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**

**13.03.2026 година** **Иван Стрезоски с.р.**

**с.Белчишта**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

# З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Решението за формирање на Комисија за селекција на членови во надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Решението за формирање на Комисија за селекција на членови во надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 13.03.2026 година.

**Број 09-400/7**
**23.03.2026 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25), а по предлог на Градоначалникот на Општина Дебрца, Советот на Општина Дебрца на седницата одржана на 13.03.2026 година, донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИ ВО НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈПКД „ДЕБРЦА“ С.БЕЛЧИШТА**

**Член 1**

Советот на Општина Дебрца формира Комисија за селекција за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавно претпријатие за комунална дејност „Дебрца“.

**Член 2**

За претседател и заменик претседател на Комисијата за селекција од редот на вработени во општината се именуваат :

- Светлана Костоска Донески -претседател
- Игор Мартиноски – заменик претседател

**Член 3**

За член и заменик член на Комисијата за селекција вработени во организационата единица за управување со човечки ресурси во општината се именуваат

– Даниел Паункоски – член
- Даниел Ристески – заменик член

**Член 4**

За член и заменик член на Комисијата за селекција, вработени во Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца“ с.Белчишта се именуваат:

- Јасмина Мицкоска– член
- Јасмина Алексиеска – заменик член

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Дебрца“

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 08-318/11** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**13.03.2026 година** **Иван Стрезоски с.р.**

**с.Белчишта**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за предавање во сопственост на движни ствари – Контејнери од 1.1 $м^3$ за комунален отпад

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за предавање во сопственост на движни ствари – Контејнери од 1.1 $м^3$ за комунален отпад, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 13.03.2026 година.

**Број 09-400/8**
**23.03.2026 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002) и член 45 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите на општинската сопственост („Службен весник на РМ“, број 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016, 21/2018, 101/2019, 275/2019 и 122/2021), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, донесе :

**О Д Л У К А**

**За предавање во сопственост на движни ствари - Контејнери од 1.1 $м^3$ за комунален отпад**

**Член 1**

Со оваа Одлука на Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца“ с.Белчишта се предаваат во сопственост без надоместок Контејнери од 1.1 $м^3$ за комунален отпад– жолти – 15 парчиња, набавени од Министерство за животна средина и просторно планирање, наведени во Записник за квалитативен и квантитативен прием, број 02-192/1 од 11.02.2026 година.

**Член 2**

Записникот за квалитативен и квантитативен прием, број 02-192/2 од 11.02.2026 година, влегува во прилог на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник“ на општина Дебрца.

**Број 08-318/12**
**13.03.2026 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Иван Стрезоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување Финансиски извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2025 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување Финансиски извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2025 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 13.03.2026 година.

**Број 09-400/9**
**23.03.2026 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Финансиски извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2025 година**

**Член 1**

Советот на општината Дебрца го усвојува Финансискиот извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2025 година, број 05-1428/2 од 25.11.2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник“ на општина Дебрца.

**Број 080-318/13**
**13.03.2026 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Иван Стрезоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за предавање во сопственост на движна ствар – машина за одржување на канализациони системи

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за предавање во сопственост на движна ствар – машина за одржување на канализациони системи, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 13.03.2026 година.

**Број 09-400/10**
**23.03.2026 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002) и член 45 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите на општинската сопственост („Службен весник на РМ“, број 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016, 21/2018, 101/2019, 275/2019 и 122/2021), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**За предавање во сопственост на движна ствар - машина за одржување на канализациони системи**

**Член 1**

Со оваа Одлука на Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца“ с.Белчишта се предава во сопственост без надоместок машина за одржување на канализационите системи марка RIONED, модел FLEXJET, ТИП FLEXJET, година на производство 2025, набавено преку релизиран проект „Јакнење на капацитетите на ЈКП Дебрца преку набавка на опрема“ одобрен од страна на Министерството за локална самоуправа..

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник“ на општина Дебрца.

**Број 08-318/14**
**13.03.2026 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Иван Стрезоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за престанок на важење и за давање на користење на недвижна ствар**

**СЕ ПРОГЛАСУВА Одлуката** за престанок на важење и за давање на користење на недвижна ствар, Општина Дебрца, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 13.03.2026 година.
**Број 09-400/11**
**23.03.2026 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/2018, 101/2019, 275/2019 и 122/2021), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 13.03.2026 година ја донесе следната :

**ОДЛУКА**
**за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на користење на недвижна ствар**

**Член 1**

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за престанок и за давање на користење на недвижна ствар број 08-325/5 од 26.02.2021 година („Службен гласник на општина Дебрца“ број 02/21)

**Член 2**

По влегувањето во сила на оваа Одлука, на досегашниот корисник Извиднички одред „Пионер“ Охрид, му престанува користењето на недвижна ствар, зграда – поранешно училиште, со површина од 214 $м^2$, која се наоѓа во село Лешани, на КП бр. 244, место викано „Село“, КО Лешани, запишана во имотен лист број 1 .

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Дебрца“.

**Број 08-318/15**
**13.03.2026 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Иван Стрезоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

# З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за јавно наддавање за издавање под закуп на деловни простории во зградата изградена на КП 2581 КО Велмеј запишана во имотен лист бр.83136 КО Велмеј, Општина Дебрца

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за јавно наддавање за издавање под закуп на деловни простории во зградата изградена на КП 2581 КО Велмеј запишана во имотен лист бр.83136 КО Велмеј, Општина Дебрца, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 13.03.2026 година.

**Број 09-400/13**
**23.03.2026 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 67 од Законот за лоакалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/2002) и член 95 од Статуот на општина Дебрца („Службен гласник на општина Дебарца“ број 3/2005)и член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016, 21/2018, 101/2019, 275/2019, 122/2021 и 123/2025), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 13.03.2026, ја донесе следната :

**ОДЛУКА**
**За изменување на Одлуката за спроведување на постапка за јавно наддавање за издавање под закуп на деловени простории во зградата изградена на КП 2581 КО Велмеј запишана во имотен лист бр. 83136 КО Велмеј, Општина Дебрца**

**1.**Во Одлуката за спроведување на постапка за јавно наддавање за издавање под закуп на деловени простории во зградата изградена на КП 2581 КО Велмеј запишана во имотен лист бр. 83136 КО Велмеј, Општина Дебрца, број 08-81/7 од 30.01.2026 година („Службен гласник на општина Дебрца“ број02/26), во табелата од точка 2 , квадратурата од деловната просторија под реден број 6 од „496 $м^2$“ се заменува со „413 $м^2$“.

**2.**Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Дебрца“.

**Број 08-318/17**
**13.03.2026 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Иван Стрезоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за одобрување средства од буџетот на општина Дебрца за кофинансирање на предлог проект за набавка на опрема (трактор, нож за чистење снег и набавка на тракторска хидраулична рака со мулчер и со пила за кастрење на гранки)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за одобрување средства од буџетот на општина Дебрца за кофинансирање на предлог проект за набавка на опрема (трактор, нож за чистење снег и набавка на тракторска хидраулична рака со мулчер и со пила за кастрење на гранки), Општина Дебрца, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 13.03.2026 година.

**Број 09-400/14**
**23.03.2026 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002) и член 21 од Статутот на општината Дебарца („Службен гласник на општината Дебарца“. број 3/2005), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**за одобрување средства од буџетот на општина Дебрца за кофинансирање на предлог проект за набавка на опрема (трактор, нож за чистење снег и набавка на тракторска хидраулична рака со мулчер и со пила за кастрење на гранки)**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на општина Дебрца одобрува средства за кофинансирање на предлог - проектот **набавка на опрема (трактор, нож за чистење снег и набавка на тракторска хидраулична рака со мулчер и со пила за кастрење на гранки)** во износ од 1.099.410 денари , по Јавниот повик од Министерство за локална самоуправа, за прибирање на предлог проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година, спроведен од страна на Југозападниот плански регион и Министерството за Локална самоуправа.

**Член 2**

Средствата за кофинансирање ќе се обезбедат од Буџетот на општина Дебрца за 2026 година.

**Член 3**

Се задолжува градоначалникот на општина Дебрца за извршување на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Дебарца“.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број _________**
**13.03.2025 година**
**с.Белчишта**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Претседател**
**Иван Стрезоски с.р.**

Врз основа на член 51 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/2002 „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 202/2024) и член 41 од Статутот на општина Дебрца („Службен гласник на општина Дебрца“ број 3/2005), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**РЕШЕНИЕ**
**за запирање на објавувањето на Одлуката за одобрување на средства за надомест на штета предизвикана од елементарна непогода – град врз земјоделски култури**

**1.** Се запира објавувањето на Одлуката за одобрување на средства за надомест на штета предизвикана од елементарна непогода – град врз земјоделски култури, број 08-318/16 од 13.03.2026 година, што Советот на општина Дебрца ја донесе на 10-та седница.
**2.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Советот на општина Дебрца на 10-та седница која се одржа на ден 13.03.2026 година, донесе Одлука за одобрување на средства за надомест на штета предизвикана од елементарна непогода – град врз земјоделски култури, број 08-318/16 од 13.03.2026 година.

По доставувањето на Одлуката до градоначалникот на општина Дебрца, а со оглед на тоа што се работи за лице кое е член на советот на општина Дебрца воедно и тој член гласаше за оваа Одлука како и фактот што средтвата за надомест на штета од природна непогода –град беа обезбедени од Владата на РСМ а не од Буџетот на општина Дебрца, градоначалникот констатира дека постои судир на интереси како и неможност да се исплатат средствата од Буџетот на општина Дебрца поради тоа што тие ги обезбедува Владата на РСМ.

Поради горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Број 09-400/12**
**23.03.2026 год.**
**Белчишта.**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник,**
**Златко Сиљаноски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А :


1. **Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Дебрца за 2026 година ------------------------------------------------------------------- стр.2**
2. **Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Дебрца за 2026 година-------------------------------------------------------------------------------стр.4**
3. **Одлука за усвојување на завршната сметка на Буџетот на општината Дебрца за 2025 година----------------------------------------------------------------------------стр.6**
4. **Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта-----------------------------------------------------------------стр.57**
5. **Решение за формирање комисија за селекција на членови во Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта-----------------------------------------------------------стр.61**
6. **Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиско работење на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта-------стр.64**
7. **Решение за формирање на комисија за селекција на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта---------------------------------------------------------------------------- стр.67**
8. **Одлука за предавање во сопственост на движни ствари – Контејнери од 1.1 м$^3$ за комунален отпад------------------------------------------------------------------------ стр.69**
9. **Одлука за усвојување на Финансиски извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2025 година --------------------- стр.71**
10. **Одлука за предавање во сопственост на движна ствар - машина за одржување на канализациони системи ---------------------------------------------------------- стр.73**
11. **Одлука за престанок на важење на Одлуката за престанок и и за давање на користење на недвижна ствар ------------------------------------------------------------ стр.75**
12. **Одлука за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за јавно наддавање за издавање под закуп на деловни простории во зградата изградена на КП 2581 КО Велмеј запишана во имотен лист бр. 83136 КО Велмеј, Општина Дебрца----------------------------------------------------------------------------------------- стр.77**
13. **Одлука за одобрување средства од Буџетот на општина Дебрца за кофинансирање на предлог проект за набавка на опрема (трактор, нож за чистење снег и набавка на тракторска хидраулична рака со мулчер и со пила за кастрење на гранки) ------------------------------------------------------------------------ стр.79**
14. **Решение за запирање на објавувањето на Одлуката за одобрување на средства за надомест на штета предизвикана од елементарна непогода – град врз земјоделски култури--------------------------------------------------------------------- стр.80**
15. **Содржина------------------------------------------------------------------------------стр.81**


==================================